Јавно комунално претпријатие
"ВОДОВОД" п.о.
БР. 04-446
01.06 2026 ГОД.
БИТОЛА

РЕШЕНИЕ

I. Административниот службеник Марија Богоев- на работното место -

Стручен соработник се определува за службено лице за посредување со информации од јавен карактер.

II. Службенотолице е должно да ја води и комплетира постапката по примените барања за пристап до информации од јавен карактер во рок и на начин согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што:

- контактира и ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации, зашто води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чување и давање на информациите;

- во соработка со останатите вработени спроведува тест на штетност како

Задолжителна постапка пред да одбие пристап до барана информација, согласно член 6 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а со која ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата или со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој сез аштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата;

- носи решене за отфрлање на барање кое не е дополнето согласно член 17 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и

- носи решение со кое позитивно одговара на барањето или барањето делумно или целосно го одбива, согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

III. Службеното лице е должно редовно да ја води и ажурира листата на информации со кои располага имателот на информации и истата да ја објави на соодветен начин, достапен на јавноста (интернет страница, огласна табла и друго).

IV. Службеното лице подготвува Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавенкарактер, истиот задолжително го доставува до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година и превзема неопходни дејствија за објавување на истиот на веб страницата на ЈКП Водовод Битола https://www.vodovodbitola.mk

V. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

- Именувано лице Богоев
- Архива
- Персонално досие

Директор ЈКП Водовод Битола

м-р Андрej Гинов

Потпис

_____

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" п.о. 1 БИТОЛА